## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 175 став 3 и член 173 став 6 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.135/2025, 269/2025 и 132/2026), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 14.07.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ И ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР ЗА ДОДЕЛЕНИ БРОЕВИ И СЕРИИ ОД БРОЕВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Правилникот

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација, формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви и податоците што се приложуваат кон барањето, начинот на измена, пренесување и одземање на правото за користење на доделени броеви и серии на броеви, формата и содржината на регистарот за доделени броеви/серии на броеви како и обврската за доставување на годишен извештај за користењето на доделените броеви и серии на броеви и објавување на податоци.

### Цел на Правилникот

Член 2

Со овој правилник се има за цел да се обезбеди ефикасно управување со нумерациските ресурси за комуникациска услуга помеѓу лица која користи нумерација, како и доделување на броеви и серии на броеви на флексибилен, транспарентен и недискриминаторски начин во интерес на заштита и промоција на конкуренцијата на пазарот.

## II. ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ

### Надлежност

Член 3

(1) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошен текст: Агенција) со решение им доделува броеви и/или серии на броеви од Планот за нумерација на операторите, давател на универзална услуга и на другите правни лица кои вршат дејност од јавен интерес согласно Законот за електронски комуникации или друг закон.

(2) Агенцијата ги доделува броевите и/или сериите на броеви од Планот за нумерација на неопределено време.

(3) Операторите ги користат доделените броеви и/или серии на броеви во согласност со решението од ставот (1) на овој член и одредбите од членот 134 од Законот за електронски комуникации.

(4) Операторите од став (1) на овој член можат броевите и сериите на броеви доделени од страна на Агенцијата да ги даваат на користење на своите крајни корисници.

(5) Операторите од став (1) на овој член, броевите кои се доделени од страна на Агенцијата треба да ги направат достапни за сите крајни корисници во Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за доделување на броеви, освен броевите од серијата на броеви за обезбедување на други услуги со почетни две цифри 14 и броевите за кои крајните корисници му доставиле писмена изјава на операторот на кој што му е доделен бројот дека не сакаат да бидат достапни од другите оператори.

(6) Операторите од став (1) на овој член, броевите кои се одземени од страна на Агенцијата треба да ги направат недостапни за сите крајни корисници во Република Северна Македонија во рок од пет дена од приемот на решението за одземање на броеви.

**Доделување на кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни комуникациски мрежи**

Член 4

(1) Агенцијата доделува 7-цифрени и 6-цифрени кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни комуникациски мрежи во серии на броеви со големина од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви на оператори на јавни комуникациски мрежи и услуги на фиксна локација во Република Северна Македонија.

(2) Операторите од став (1) на овој член, броевите и сериите на броеви доделени од страна на Агенцијата ги даваат на користење на своитекрајни корисници .

(3) 7-цифрени кориснички броеви во серии на броеви со големина од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви се доделуваат на оператори на јавни комуникациски мрежи и услуги на фиксна локација во Република Северна Македонија во нумерациско подрачје со НДК со вредност 2.

(4) 6-цифрени кориснички броеви во серии на броеви со големина од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви се доделуваат на оператори на јавни комуникациски мрежи и услуги на фиксна локација во Република Северна Македонија во нумерациски подрачја со НДК со вредност различна од 2.

**Доделување на скратени броеви во нумерациски по драчја за јавни фиксни и мобилни комуникациски мрежи**

Член 5

(1) Агенцијата доделува скратени броеви од серијата 13 или 15 со должина од 5 цифри за јавни фиксни и мобилни комуникациски мрежи во Република Северна Македонија.

(2) Броевите од став (1) на овој член се доделуваат поединечно , а се користат на целата територија на Република Северна Македонија.

(3) Операторите, скратените броеви од став (1) на овој член, ги даваат на користење на своитекрајни корисници .

(4) Оператор не може да промени, односно одземе претходно доделен скратен број на свој краен корисник без претходно да ја извести Агенцијата за причините за промената, односно одземањето.

(5) Оператор може да наплатува надомест за административните трошоци за скратен број од својот краен корисник на кого му доделил скратен број на користење, што на годишно ниво не смее да биде зголемен за повеќе од 20% од годишниот надоместок што операторот го плаќа на Агенцијата за користење на доделени скратени броеви во нумерациски подрачја за јавни електронски комуникациски мрежи.

**Доделување на броеви од серијата 05 и серијата 08**

Член 6

(1) Агенцијата доделува броеви од серијата 05 и од серијата 08 на оператори, поединечно или во блокови на броеви од 10 броеви.

(2) Операторите, броевите од став (1) на овој член, ги даваат на користење на своите крајни корисници -обезбедувачи на други услуги.

(3) Оператор не може да промени, односно одземе претходно доделен број од серијата 05, односно од серијата 08 на свој краен корисник -обезбедувач на услуги без претходно да ја извести Агенцијата за причините за промената, односно одземањето.

(4) Оператор може да наплатува надомест за административните трошоци за број од серијата 05, односно од серијата 08, од својот краен корисник на кого му го доделил на користење, што на годишно ниво не смее да биде зголемен за повеќе од 20 % од годишниот надоместок што операторот го плаќа на Агенцијата за користење на доделени броеви од серијата 05, односно од серијата 08.

**Доделување на кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни комуникациски мрежи**

Член 7

(1) Агенцијата доделува кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни комуникациски мрежи со НДК 7х на оператори.

(2) Операторите, броевите од став (1) на овој член, ги даваат на користење на своитекрајни корисници .

(3) Корисничките броеви од став (1) на овој член се доделуваат во серии на броеви од 1.000, 10.000 и 100.000 броеви.

**Доделување на скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво и за услуги од национално општествено значење**

Член 8

(1) По исклучок на одредбата од член 3 став (1) на овој правилник, националниот скратен број 112 за итни повици, националните скратени броеви од серијата 116(xyz) за хармонизирани услуги од општествено значење и националните скратени броеви од серијата 19(x) за услуги од национално општествено значење утврдени во членовите 15 и 16 од Планот за нумерација, Агенцијата ги доделува на правни лица кои обезбедуваат услуги од општествено значење.

(2) Постапката за доделба и условите за користење на броевите од серијата 116(xyz) преку кои се овозможуваат услуги од национално општествено значење детално се опишани во Упатство за доделба и услови за користење на Национални броеви за услуги хармонизирани на европско ниво и за услуги од општествено и национално значење во Република Северна Македонија.

(3) Упатство за доделба и услови за користење на Национални броеви за услуги хармонизирани на европско ниво и за услуги од општествено и национално значење во Република Северна Македонија е даден во Прилог 3 на овој правилник и е негов составен дел.

(4) Националните скратени броеви од серијата 118(x), Агенцијата ги доделува на определените даватели на универзална услуга за обезбедување на телефонска служба за информации од целосниот телефонски именик.

(5) Скратените броеви од ставовите (1) и (2) на овој член се доделуваат поединечно.

**Доделување на броеви за услуги за грижа**
**на корисници**

Член 9

Броевите од сериите 12, 17 и 18 за услуги за грижа на корисници на операторите, Агенцијата ги доделува поединечно.

**Доделување на броеви за обезбедување на други**
**услуги со почетни две цифри 14**

Член 10

(1) Агенцијата доделува серија на броеви за обезбедување на други услуги со почетни две цифри 14 во рамките на нумерациските подрачја кои ги користи операторот.

(2) Поединечните броеви од серијата 14, операторите не можат да ги доделуваат на крајните корисници како кориснички броеви.

(3) Броевите од серијата 14 се доделуваат групно како цела серија.

**Доделување на броеви и/или серии на броеви од посебна економска вредност**

Член 11

Агенцијата доделува броеви и/или серии со посебна економска вредност. Броевите и/или сериите со броеви со посебна економска вредност со одлука ги утврдува агенцијата согласно член 177 став 1 од Законот за електронски комуникации.

**Доделување на кодови на сигнализациски точки**

Член 12

(1) Агенцијата доделува кодови на меѓународни и национални сигнализациски точки во согласност со препораките Q.704 и Q.708 на ITU-T на оператори.

(2) Кодовите на меѓународните и националните сигнализациски точки се доделуваат поединечно.

III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ БРОЕВИ
И СЕРИИ НА БРОЕВИ

**Барање за доделување броеви и серии на броеви**

Член 13

(1) Агенцијата ги доделува броевите и сериите на броеви од Планот за нумерација врз основа на барање за доделување на броеви и серии на броеви поднесено од оператор. Барањето за доделување на броеви и серии на броеви се доставува во архивата на Агенцијата, а во случај на достава по пошта, истото се доставува како препорачана пратка или пак во електронска форма преку веб интерфејс (https://e-agencija.aek.mk).

(2) Доколку барањето од став (1) на овој член не е комплетно или не ги содржи податоците утврдени со овој правилник, Агенцијата, за тоа, писмено ќе го извести подносителот на барањето и ќе му определи рок кој не може да биде пократок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување, да ги отстрани утврдените неправилности. Доколку подносителот на барањето не постапи по писменото известување на Агенцијата, ќе се смета како барањето воопшто и да не било поднесено.

### Решение за доделување броеви и серии на броеви

Член 14

(1) Директорот на Агенцијата ќе донесе решение за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетното барање за доделување на броеви и серии на броеви.

(2) Директорот на Агенцијата ќе донесе решение за доделување на броеви и серии на броеви доколку бараните броеви согласно Планот за нумерација се наменети за услугите наведени во барањето и доколку броевите се слободни.

(3) Решението од став (1) на овој член особено содржи:

- податоци за имателот на правото за користење на доделените броеви и серии на броеви;
- доделени броеви и серии на броеви;
- услови за користење на доделените броеви и серии на броеви;
- висината и начинот на плаќање на надоместокот за користење на доделените броеви и серии на броеви;
- датум до кој доделените броеви , серии на броеви и кодови треба да бидат ставени во употреба.

(4) Решенијата за доделување на броеви и серии на броеви се донесуваат според редоследот на прием на комплетни барања за доделување.

(5) Директорот на Агенцијата, во рокот определен во став (1) на овој член може да донесе решение со кое ќе го одбие барањето за доделување на броеви и серии на броеви, доколку се исполнети условите утврдени во член 175 став (4) од Законот за електронски комуникации.

(6) Операторите се должни во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на известување од оператор-интерконекциски партнер дека операторот-интерконекциски партнер има добиено решение за доделување на броеви и серии на броеви од Агенцијата да ја ажурира својата табела за рутирање на повици кон тие броеви од неговата мрежа.

### Постапка за доделување на броеви и/или серии на броеви од посебна економска вредност

Член 15

Постапката за доделувањето на броевите од членот 11 на овај правилник ќе се спроведе согласно член 177 став 2,3,4 и 5 од Законот за електронски комуникации.

### Измена на решение за доделени броеви и серии на броеви

Член 16

Директорот на Агенцијата може да донесе решение за измена на претходно донесено решение за доделување на броеви и серии на броеви под услови и на начин утврден во член 179 од Законот за електронските комуникации.

### Пренесување на правото за користење на доделени броеви и/или серии на броеви

Член 17

(1) Имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви може своето право за користење на доделените броеви и/или серии на броеви да го пренесе на друго правно лице по претходно добиена согласност од Агенцијата.

(2) За пренесување на правото за користење на доделени броеви и/или серии на броеви од ставот (1) на овој член имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви до Агенцијата доставува барање, писмено или во електронска форма преку веб интерфејс (https://e-agencija.aek.mk), во чиј состав е и писмената согласност од правното лице на кое треба да му се пренесат доделените броеви.

(3) По барањето од ставот (2) на овој член Агенцијата утврдува дали барателот ги платил сите надоместоци кои согласно со Законот за електронски комуникации бил должен да ги плати и дали правното лице на кое се предлага да се пренесе правото на користење на доделените броеви и/или серии на броеви ги исполнува условите за доделување на броеви, согласно со членот 178 став (1) од Законот за електронски комуникации.

(4) Директорот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член донесува решение со кое му го одзема правото на користење на доделените броеви и/или серии на броеви на имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви од ставот (1) на овој член, а на другото правно лице на кое му се пренесува правото за користење на доделените броеви, во истиот рок, му се издава ново решение за доделување на тие броеви и/или серии на броеви.

**Одземање на правото на користење на доделени броеви и/или серии на броеви**

Член 18

(1) Директорот на Агенцијата може да донесе решение за одземање на правото на користње на доделените броеви и/или серии на броеви под услови и на начин утврден во член 181 од Законот за електронските комуникации.

(2) Решението за одземање на правото на користење на доделена серија на броеви ќе се однесува на целата серија на броеви. Во случај кога Агенцијата по службена должност го одзема правото на користење на доделена серија на броеви согласно член 181 став (1) од Законот за електронски комуникации и кога во одземената серија има пренесени броеви, одземената серија на броеви ќе се подели на серии од по 1000 броеви. За оние серии на броеви од по 1000 броеви, во кои има пренесени броеви кај други оператори, Агенцијата по службена должност ќе донесе решенија со кои ќе му ги додели пренесените броеви во серии од 1000 броеви, на операторот примател кај кого се пренесени најмногу броеви.

(3) Агенција го одзема правото на користење на доделена серија на броеви по барање на имателот на користење, согласно член 181 став (2) од Законот за електронски комуникации, само во случај кога во доделената серија броеви нема активни корисници и нема пренесени броеви во други оператори.

**Престанок на важноста на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви по сила на закон**

Член 19

(1) Решението за доделување на броеви и/или серии на броеви престанува да важи по сила на закон во следниве случаи:

а) доколку имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви престанал да постои;

б) доколку имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви е во постапка на стечај или ликвидација или

в) доколку на имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви му е изречена мерка на безбедност - забрана за вршење на дејност.

(2) Агенцијата ќе ги избрише од регистарот на доделени броеви и/или серии на броеви податоците за доделените броеви и/или серии на броеви и за имателот на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви кое престанало да важи по сила закон согласно со одредбите од овој член. Решението со кое се утврдува престанок на важење на решението за доделување на броеви и/или серии на броеви, по сила на закон, Агенцијата го објавува на својата веб страница во рок од пет дена од денот на неговото донесување.

(3) Решението со кое се утврдува престанок на важење на решението за доделување на серија на броеви, согласно член 182 став (1) од Законот за електронски комуникации ќе се однесува на целата серија на броеви. Кога во серијата на броеви што престанала да важи има пренесени броеви, серијата на броеви ќе се подели на серии од по 1000 броеви. За оние серии на броеви од по 1000 броеви, во кои има пренесени броеви кај други оператори, Агенцијата по службена должност ќе донесе решенија со кои ќе му ги додели пренесените броеви во серии од 1000 броеви, на операторот примател кај кого се пренесени најмногу броеви.

## IV. ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ

### Форма на барањето за доделување броеви и серии на броеви

Член 20

(1) Барањето за доделување на броеви и серии на броеви може да биде:

а) барање за доделување на нумерациски ресурси од Планот за нумерација по прв пат;

б) барање за доделување на дополнителен број/броеви;

в) барање за промена на доделен број/броеви;

г) барање за промена на имател на правото за користење на доделен број/броеви, или

д) барање за повлекување на доделен број/броеви.

(2) Образецот на барањето е даден во Прилог 1 на овој правилник и е негов составен дел.

(3) Образецот од став (1) на овој член може да се подигне од Агенцијата или да се преземе од веб-страната на Агенцијата.

### Содржина на барањето за доделување броеви и серии на броеви

Член 21

Барањето за доделување броеви и серии на броеви содржи:

а) основни податоци за подносителот на барањето;

б) податоци за вид на барањето согласно член 20 став (1) од овој правилник;

в) вид, количина и намена на користење на нумерациските ресурси што се бараат и тоа за:

- серии на кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни комуникациски мрежи;
- скратен број за јавни фиксни комуникациски мрежи и/или услуги и за јавни мобилни комуникациски мрежи;
- серии на кориснички броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни комуникациски мрежи ;
- скратен број на оператор за услуги за грижа за корисниците–12a(bcd), 17a(bcd), 18a(bcd);

- серија на броеви за обезбедување на други услуги – со почетни две цифри 14;
- код за избор на оператор–10ab;
- броеви од серијата 05 за обезбедување на други услуги ;
- броеви од серијата 08 за телефонски услуги;
- национални скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво;
- код на меѓународна сигнализациска точка;
- код на национална сигнализациска точка;

г) планиран датум на започнување со користење на нумерациските ресурси;

д) датум до кој подносителот на барањето планира да ги користи доделените нумерациски ресурси.

**Потребни документи**

Член 22

(1) Кон барањето се приложуваат следните документи:

а) при првото барање на нумерациски ресурси од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија треба да се достави пополнет формулар со податоци за операторот на јавна комуникациска мрежа за употреба на ЦБП системот во согласност со „Правилникот за преносливост на броеви“ и URL за тестни веб сервиси согласно документот „Технички опис на трансакциите и комуникацискиот интерфејс помеѓу ЦБП системот и операторите“;

б) при промена на имател на правото за користење на доделени нумерациски ресурси, постојниот имател на правото за користење на доделен број/броеви го доставува барањето за промена на имател на правото за користење на доделен број/броеви со изјава дека ги отстапува правата и обврските што произлегуваат од доделениот број/броеви на новиот имател на правото за користење на доделен број/броеви. Новиот имател на правото за користење на доделен број/броеви доставува основни податоци од точка 1. На образецот на барањето, изјава дека ги прифаќа правата и обврските што произлегуваат од доделениот број/броеви и документите од алинеја а) на овој член;

в) доказ за уплатена административна такса, и

г) податоци за законскиот застапник.

(2) Барањето содржи потпис на законскиот застапник и печат на подносителот на барањето.

V. ОБВРСКА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

**Извештај**

Член 23

(1) Операторите на кои им се доделени броеви и/или серии на броеви, доставуваат до Агенцијата годишен извештај за користењето на доделените броеви и/или серии на броеви.

(2) Годишниот извештај од став (1) на овој член се доставува најдоцна до 1-ви февруари во тековната година и содржи информации за секоја доделена серија на броеви со состојбата на 31 декември од претходната година, како што се:

а) распределба на сериите на броеви по услуги;

б) процентуален дел на броеви во активна употреба;

в) процентуален дел на броеви кои се резервирани, но не се во активна употреба;

г) процентуален дел на броеви пренесени од (port-in) и пренесени на (port-out) други оператори на јавни комуникациски мрежи или даватели на јавни комуникациски услуги и

д) други информации поврзани со користењето на броевите на барање од Агенцијата.

(3) Образецот на Извештајот е даден во Прилог 2 на овој правилник и е негов составен дел.

**Објавување на податоци**

Член 24

(1) Агенцијата води регистар на доделени броеви и/или серии на броеви и на имателите на доделените броеви и/или серии на броеви и истиот го објавува на својата веб страна.

(2) Агенцијата на својата веб страна ги објавува следниве податоци од регистарот:

1) доделени броеви и серии на броеви и иматели на доделени броеви и серии на броеви;

2) слободни броеви и серии на броеви и

3) одземени броеви и серии на броеви согласно член 18 став (3).

**Завршни одредби**

Член 25

(1) Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2013 ).

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

(3) По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0101-1609/6
14 јуни 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.

До

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
ул. „Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје

Врз основа на член 175 од Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. (135/25, 269/25 и 132/26),поднесувам:

**БАРАЊЕ**

за доделување на броеви/серија на броеви

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Пополнува физичко лице*

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Матичен број | |

* Физичко лице во смисла на важечкиот Законот за трговските друштва

Пополнува правно лице

| | |
|---|---|
| Фирма (полно име) | |
| Фирма (скратено име) | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Регистерски број/ ЕМБС | |
| Жиро-сметка | |
| Телефон | |
| Факс | |
| e-mail | |
| Веб-страна | |

**2. ВИД НА БАРАЊЕТО**

- ☐ Прв пат барам број/броеви (да се пополни 3.а, 3.б, 3.в, 3.г, 3.д, 3.ѓ, 3.е или 3.ж)
- ☐ Барам дополнителен број/броеви (да се пополни 3.а, 3.б, 3.в, 3.г, 3.д, 3.ѓ, 3.е или 3.ж)
- ☐ Барам промена на број/броеви (да се пополни 3.з)
- ☐ Барам промена на имател на право за користење на број/броеви (да се пополни 3.ѕ)
- ☐ Барам повлекување на доделен број/броеви (да се пополни 3.и)

**3. БРОЕВИ/СЕРИЈА НА БРОЕВИ**

**<u>3.а. Серија на кориснички броеви во:</u>**

| НДК | Серија | Рутирачки код (RC) | Број на серии | | | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | X1.000 | X10.000 | X100.000 | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да ја користи доделената серија на броеви ______________.

**<u>3.б. Скратен број во нумерациски подрачја-НДК+15xyz или 13xyz:</u>**

| Скратен број | Опис на услуга | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот број ____________.

**<u>3.в. Скратен број на оператор за услуги за грижа за корисниците:</u>** (да се заокружи редниот број)

I. **грижа за корисници-12a(bcd), 17a(bcd), 18a(bcd)**

| Скратен број | Опис на услугата | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|
| | | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот број ____________.

**<u>3. г. Броеви од:</u>** (да се заокружи редниот број)

I. **серијата 05 за обезбедување на други услуги**

II. **серијата 08 за телефонски услуги**

| Број поединечно или во блокови на броеви од 10 броеви | Назив на услугата | Опис на услугата | Начин на тарифирање | Услугата е наменета за возрасни (да/не) | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот број ______________.

**3.д. Серија броеви 14 за обезбедување на други услуги**

| Серија броеви 14 за обезбедување на други услуги | Датум на започнување со користење |
|---|---|
| | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да ја користи доделената серија _____________.

**3.ѓ. Национални скратени броеви за услуги хармонизирани на европско ниво**

| Скратен број | Опис на услугата | Датум на започнување со користење |
|---|---|---|
| | | |

Датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот број ___________.

**3.е. Код за сигнализациска точка:** (да се заокружи редниот број)

- **I. меѓународна сигнализациска точка**
- **II. национална сигнализациска точка**

1. единствено име на сигнализациската точка кое може да содржи информација за локацијата (град) (само за реден број 3.е.I.)

   _________________________________

2. природа за употреба во мрежата (може да има повеќе од една функција):

   - STP
   - SCCP relay

   _________________________________

3. производител на сигнализациската точка/тип

   __________________________________

4. физичка адреса на сигнализациската точка

   ___________________________________

5. датум на ставање во работа на сигнализациската точка (месец/година)

   ___________________________________

6. идентификација на најмалку една од планираните сигнализациски релации (само за реден број 3.е.I.):

   - име и адреса на далечната сигнализациска точка ___________________________________
   - локација на далечната сигнализациска точка ___________________________________
   - ISPC на далечната сигнализациска точка _______________________________________

**3.ж. Код за избор на оператор – 10 | | |** (се внесува вредност на ab)

Датум на започнување со користење _________________________________.

Датум до кој подносителот на барањето планира да го користи доделениот код ____________.

**3.з. Промена на броеви/серија на броеви**

Молам да извршите замена на броевите/серија на броеви:

_______________________________ со: _______________________________

_______________________________ со: _______________________________

Датум кога ќе биде извршена промената: ____________________________________.

Причина за промената: _______________________________________________________________

____________________________________________________________________________.

## 4. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ПРИЛОЗИ

**а.** При првото барање на нумерациски ресурси од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Северна Македонија треба да се достави пополнет формулар со податоци за операторот на јавна комуникациска мрежа за употреба на ЦБП системот во согласност со „Правилникот за преносливост на броеви“ и URL за тестни веб-сервиси согласно документот „Технички опис на трансакциите и комуникацискиот интерфејс помеѓу ЦБП системот и операторите“;

**б.** При промена на имател на правото за користење на доделени нумерациски ресурси, постојниот имател на правото за користење на доделен број/броеви го доставува барањето за промена на имател на правото за користење на доделен број/броеви со изјава дека ги отстапува правата и обврските што произлегуваат од доделениот број/броеви на новиот имател на правото за користење на доделен број/броеви. Новиот имател на правото за користење на доделен број/броеви доставува основни податоци од точка 1. на овој образец и согласност дека ги прифаќа правата и обврските што произлегуваат од доделениот број/броеви и документите од алинеја а) на оваа точка, и

**в.** Доказ за уплатена административна такса.

## 5. ПОДАТОЦИ НА ЗАКОНСКИОТ ЗАСТАПНИК

Име и презиме ___________________________________________

Фирма/позиција___________________________________________

Матичен број ___________________________________________

Адреса ___________________________________________

Телефон ____________________ Факс ______________________

e-mail ______________________ Друг телефон ____________

____________________

(потпис)

(М.П.)

ПРИЛОГ 2

Годишен извештај за користењето на доделените броеви и/или серии на броеви за ____ година

I. Серии на кориснички броеви

а) Броеви во нумерациски подрачја за јавни мобилни комуникациски мрежи

| НДК | Серија на броеви | Доделен опсег по решение за доделување на серија броеви | Активни | Активни (%) | Неактивни | Неактивни (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | Вкупно: | | | | | |

б) Броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни комуникациски мрежи

| НДК | Серија на броеви | Доделен опсег по решение за доделување на серија броеви | Активни | Активни (%) | Неактивни | Неактивни (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | Вкупно: | | | | | |

II. Серија на броеви за обезбедување на други услуги (14x xxx)

| Серија на броеви | Доделен опсег по решение за доделување на серија на броеви | Активни | Активни (%) | Неактивни | Неактивни (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

III. Броеви за услуги за грижа за корисници (**12a(bcd), 17a(bcd), 18a(bcd))**

| Број | Опис: |
|---|---|
| | |

IV. Национални и меѓународни кодови за сигнализација

а) Национални кодови за сигнализација

| Код (формат 3-6-5 бита) | Функционалност |
|---|---|
| | |

б) Меѓународни кодови за сигнализација

| Код (формат 3-8-3 бита) | Функционалност |
|---|---|
| | |

V. Код за избор на оператор

**Упатство за доделба и услови за користење на Национални броеви за Услуги хармонизирани на европско ниво и за услуги од општествено и национално значење во Република Северна Македонија**

**Национална серија на броеви со почетни цифри 116**

## 1. Вовед

### 1.1. Цел на документот

Целта на овој документ е да ги запознае сите учесници на пазарот на електронски комуникации и корисници на услугите со целта, начинот на користење и условите за доделување национални броеви од серијата 116(xyz) наменети за хармонизирани услуги од општествено значење.

### 1.2. Правна основа и појаснување

Согласно надлежностите утврдени со Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија бр. (135/25, 269/25 и 132/26) ( во натамошниот текст само: ЗЕК), Планот за Нумерација и Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација, Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст само: АЕК), управува со нумерациските ресурси на Република Северна Македонија со цел да обезбеди ефикасна и ефективна употребата на броевите, согласно меѓународните прописи и обврзувачките меѓународни договори. Согласно Одлуката на Европската комисија (2007/116/ЕЗ) од 15 февруари 2007 година за резервирање на броеви од нумеричкиот опсег кој започнува со цифрите „116“ наменета за услуги со посебна социјална вредност, Одлуката на Европската комисија (2007/698/ЕС) од 29 октомври 2007 година за измена на одлуката 2007/116/ЕЗ во однос на воведување дополнителни резервирани броеви кои почнуваат со „116“ и Одлуката на Европската комисија (2009/884/ЕС) од 30 ноември 2009 година за измена на одлуката 2007/116/ЕЗ во однос на воведување дополнителни резервирани броеви кои почнуваат со „116“, европските препораки во областа на споменатото прашање, Планот за нумерација , однапред се резервирани шест цифрени броеви од серијата 116, дефинирани се и услугите од општествено значење кои можат да се даваат преку овие броеви. Пропишани се подетални одредби за начинот и условите за доделување и користење на броевите од серијата што започнува со цифрите „116“. во член 137 од ЗЕК и Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација .

Согласно горенаведените прописи хармонизирана услуга од општествено

## 2. Постапка за доделување

### 2.1 Предмет и поле на примена

Броевите од серијата кој започнува со цифрите „116“ според Планот за нумерација наменети се за услуги од општествено значење, хармонизирани усогласени во сите земји-членки на ЕУ. Усогласена услуга од општествено значење е услуга која задоволува општа карактеристика дека е достапна за поединци со бирање на бесплатен број, која може да биде важна за посетителите од други земји и која одговара на одредена општествена потреба, а која особено допринесува за благосостојбата и безбедноста на граѓаните или одредени групи граѓани или им помага на граѓаните во опасност. Во оваа точка се наведени резервираните броевите од серијата 116 и услугите за кои можат да се користат. Бројот 116112 не се доделува и не се користи за ниедна услуга.

### 2.2 Услови за користење на броеви од опсегот 116

а. преку наведените броеви дозволено е давање на следните услуги (информации, совети, помош, пријавување на граѓани, или комбинација од овие можности);

б. услугата мора да биде достапна за сите граѓани без потреба од претходна регистрација;

в.давателото на услугата се грижи за заштита на податоците за идентитетот на повикувачот;

г. услугата не смее да биде временски ограничена;

д. секое плаќање или обврска за плаќање не е предуслов за користење на услугата;

ѓ. за време на повиците се исклучени следните активности: (рекламирање, забава, маркетинг и продажба, користење на повици за идна продажба на комерцијални услуги);

е. давателите на услуги од општествено значење, кои користат броеви од серијата 116, мора да бидат подготвени да ги прифатат трошоците на дојдовните повици во согласност со договорот што треба да се склучи со операторот, односно трошоците за користење на наведените броеви е одговорност на давателот на услугата;

ж. услугата е бесплатна за крајниот корисник.

социјална вредност во согласност со Планот за нумерација. Операторите се должни во најголема можна мера на лицата со попреченост да им овозможат пристап кон броевите од серијата на броеви која започнува со бројот 116.

**2.3 Броеви резервирани за услуги од социјално значење**

| Услуги со социјално значење хармонизиран на европско ниво | | |
|---|---|---|
| **Услуги со социјално значење хармонизиран на европско ниво** | **Надлежно министерство** [1] | **116xyz** |
| Повикувачки центар за исчезнати деца („Hotline for missing children “) | Министерство за внатрешни работи | 116000 |
| Повикувачки центар за жртви на криминал ( „Victims of Crime “), | Министерство за правда | 116006 |
| Пповикувачки центар за помош на жртви на насилство врз жени („Helpline for victims of violence against women “), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116016 |
| Повикувачки центар за деца („Child Helpline“), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116111 |
| Повикувачки центар за медицински услуги („Non-Emergency Medical Services “) | Министерство за здравство | 116117 |
| Повикувачки центар за емоционална поддршка („Emotional support helpline “), | Министерство за здравство Министерство за труд и социјална политика | 116123 |

**Табела 1 Броеви резервирани за услуги од социјално значењеи предлог надлежни министерства**

**2.3.1 Број 116 000 е наменет за услугата повикувачки центар за исчезнати деца:**

(а) службата прима повици за пријавување за исчезнување на деца и ги препраќа до полиција,
(б) услугата нуди помош и поддршка на лица кои се одговорни за исчезнатото дете,
(в) службата помага во истрагата,
(г) давателот на услугата мора да гарантира дека услугата е достапна во секое време (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво).

**2.3.2 Број 116 006 е наменет за услугата повикувачки центар за жртви на криминал:**

(а) Услугата им овозможува на жртвите на криминал да добијат емоционална поддршка, да бидат информирани со нивните права и начините за остварување на тие права и да ги упатат до надлежните организации. Таа особено дава информации за:

- локални полициски и судски постапки,
- можности за компензација и прашања за осигурување.

Таа, исто така обезбедува поддршка во изнаоѓање други начини за помош на жртвите на криминал.
(б) Доколку услугата не е постојано достапна (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво), давателот на услугата мора да ги информира корисниците за периодот на достапност на услугата, на лесно достапен начин:(текстуална или говорна порака).

[1] Предлогот на министерството со кој давателот на услугата би можел да соработува во врска сп користење на одреден број не е обврзувачки, затоа давателот на услугата не мора да го следи овој предлог, но може да го измени при што ќе договори соработка со друго министерство кое има надлешности поврзани со услугата што ќе ја обезбедува

**2.3.3 Број 116 016 е наменет за услугата повикувачки центар за помош на жртвите на насилство врз жените:**

(а) Услугата им овозможува на жртвите на насилство врз жените да бараат помош и поддршка, да бидат информирани за нивните правата и начините на остварување на нивните права и да се упатат до надлежните институции и организации.
(б) Доколку услугата не е постојано достапна (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво), давателот на услугата мора да ги информира корисниците за периодот на достапност на услугата, на лесно достапен начин:(текстуална или говорна порака).

**2.3.4 Број 116 111 е наменет за услугата повикувачки центар за деца:**

(а) Услугата им помага на децата на кои им е потребна грижа и заштита и ги поврзува со службите и организациите кои имаат соодветни надлежности и ресурси. Овозможува децата да ги искажат своите ставови, да зборуваат за проблемите што директно ги засегаат и да се доверат некому во итни ситуации.
(б) Доколку услугата не е постојано достапна (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво), давателот на услугата мора да ги информира корисниците за периодот на достапност на услугата, на лесно достапен начин:(текстуална или говорна порака).

**2.3.5 Број 116 117 е наменет за услугата повикувачки центар за медицински услуги:**

(а) Услугата ги упатува повикувачите на медицинска нега соодветна на нивните потреби, кои се итни но не и опасни по живот, особено но не исклучиво по редовно работно време, за време на викенд или за време на празници. Го поврзува повикувачот со стручен вработен во центарот за повици или директно со квалификуван медицински персонал или лекар.
(б) Ако услугата не е трајно достапна (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво), давателот на услугата мора да ги информира корисниците за периодот на достапност на услугата, на лесно достапен начин:(текстуална или говорна порака).

**2.3.6 Број 116 123 е наменет за услугата повикувачки центар за емоционална помош:**

(а) Услугата му овозможува на повикувачот да има корист од вистински човечки контакт заснован на слушање без осудување. Нуди емоционална подршка на повикувачите кои страдаат од осаменост, кои се во состојба на психолошка или размислуваат за самоубиство.
(б) Ако услугата не е трајно достапна (т.е. 24 часа на ден, 7 дена во неделата, на национално ниво), давателот на услугата мора да ги информира корисниците за периодот на достапност на услугата на лесно достапен начин:(текстуална или говорна порака).

## 2.4. Основни услови за доделување на броеви

За секој број резервиран за услуги од општествено значење за кој е утврдена намена и е наведен во ова Упатство и во Планот за Нумерација се спроведува посебна постапка за доделба. АЕК го започнува процесот на доделување единечен број од серијата 116 врз основа на добиеното барање за доделување број 116xyz или по службена должност. Барањето може да го поднесе организација која извршува активности кои се поврзани со обезбедување услуги со социјално значење хармонизиран на европско ниво соогласно Табела 1. Барањето се поднесува во архивата на АЕК по пошта или по електронски пат на формулар објавен на веб-страницата на АЕК. Во образецот за доделување број од серијата 116 се пропишува содржината на понудата, доказите за способност, рокот на важност на понудата, формата на понудата, како и други услови поврзани со доделувањето и користење на броевите. Во случај на прием на нецелосно барање АЕК може да определи соодветен рок за дополнување на барањето. По приемот на целосното барање за доделување на броеви од серијата 116, АЕК на својата веб-страница објавува известување за примено барања и ќе објави јавен повик за изразување интерес. Доколку во рок од 15 дена од објавувањето на јавниот повик никој не изрази дополнителен интерес за доделување на број од серијата 116, АЕК во рок од 21 ден од денот на приемот на целосното барање ќе донесе одлука за доделување на бројот.

Во случај повеќе непрофитни организации да пројават интерес за доделување на истиот број од серијата 116, АЕК ќе донесе одлука за избор врз основа на претходна изјава на надлежниот државен орган.

АЕК со решение го доделува бројот од серијата 116 во период не подолг од три години.

Операторот или непрофитната организација на која со решение и се доделени броеви од серијата 116, мора во рок не пократок од 30 дена и не подолг од шест месеци, пред истекот на неговата важност да поднесе барање за повторна доделба на бројот.

Подносителот на барањето прво треба да се договори со државниот орган - министерството за: методите, условите, права и обврски за давање услуги од општествено значење за бројот за кој е поднесено барањето. Предлог на Министерствата од Табела 1 на оваа документација не е обврзувачка,барателот може да се договори за неговата употреба со министерство различно од предлогот. Споменатиот договор е предуслов за доделување на број. Согласно горенаведеното барателот и релевантнот министерството со правен акт (договор, изјава, спогодба и сл.) постигнува договор за начинот, условите, правата и обврските при давање услуги од општествено значење.

## 3. Употреба на доделениот број

Давателот на услугата е должен со надлежното министерство да го договори начинот, условите, правата и обврските во врска со давање услуги со социјално значење преку број од серијата 116 за кој е поднесено барањето. Споменатиот договор е предуслов за доделување број. Договорот подразбира дека давателот на услугата и ресорното министерство со законски акт (договор, изјава, согласност
и сл.) ги утврдува меѓусебните права и обврски и начинот на обезбедување на услугата. Бидејќи се работи за избор на еден давател на услуги, во горенаведениот правен акт, првенствено е потребно да се утврди дали барателот ги има потребните средства за управување со услугата што ќе се обезбеди на тој број (квалификуван кадар и ресурси за работа) и во таа смисла квалитетот на услугата што ќе се обезбеди на тој број е одговорност на органот кој е потписник на договорот. Постапката за

реализација на користењето на доделените број е предмет на договор помеѓу давателот на услугата и операторот. Давателот на услугата е должен да го користи бројот согласно условите од решението за доделување на бројот. Согласно член 137, став 1, од ЗЕК, оператори кои обезбедуваат започнување на повик до броеви од Планот за нумерација, се должни да овозможат воспоставување на повици кон броевите од серијата на броеви која започнува со цифрите 116xyz и е наменета за услуги со посебна социјална вредност во сосогласност со Планот за нумерација.

### 3.1 Содржина на понудата

а) Понудата мора да содржи:

1. Тековна сосојба издадена од централен регистар не постар од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.
2. Потврда за платени даноци и придонеси издадена од УЈП не постар од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.
3. Договор, изјава или согласност со ресорното министерство не постара од 6 месеци од датумот на поднесување на пријавата.
4. Договор, изјава или согласност со операторот, освен во случај кога барателот е оператор.
5. Опис на обезбедување на услугата на повикувачки центарот, кој мора да биде во согласност со условите за користење на бројот 116xyz Правилникот за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви, податоците што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација и Директивата на Европската комисија.
6. Детален опис на персоналот на подносителот на барањето, што вклучува бројот на персонал и нивна квалификација, стекнато искуство во давање услуги кои се предмет на барањето како и досегашни активности поврзани со услугите кои ќе се обезбедуваат преку бројот а која се однесува понудата.
7. Пополнето и потпишано Барање за доделување број за услуги со посебна социјална вредност (Хармонизирано на Европски ниво) доставен на образецот од прилог 1 на оваа документација.

### 3.2 Период на важност на понудата

Рокот на важност на понудата е 30 дена од датумот на доставување на понудата.

### 3.3 Доставување на понудата

Понудата се доставува на адреса:
Кеј Димитар Влахов бр.21 Скопје
„Јавен повик за доделување броеви од нумеричкиот опсег 116xyz наменет за услуги со социјално значење "

### 3.4 Временски рок за донесување на одлука за доделување на бројот

Временскиот рок за донесување на одлука за доделување на бројот од серијата 116 е 21 ден од денот на отварање на понудите.

### 3.5 Одземање на доделениот број

Во случај кога доделените броеви од серијата 116 не се користат во согласност со условите предвидени во упатството за доделување на броевите,односно ако давателот на услугите не постапува согласно со ЗЕК и подзаконските акти кои ги регулираат условите за користење на броеви преку кои се овозможуваат услуги од општествено и национално значење, доколку АЕК од надлежното министерство добие известување – барање за раскинување на договорот во врска со условите правата и обрските за овозможување на услуги преку броевите од серијата 116, АЕК ќе донесе решение за одземање на правото за користење на бројот. По донесување на Решението, АЕК ќе достави информација до сите оператори на електронски комуникациски мрежи и ќе побара да се прекине обезбедувањето на повици кон бројот.